www.krivapalanka.gov.mk
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДО ОПШТИНА ЌУСТЕНДИЛ
За Кметот Г-дин Петар Паунов

ЌУСТЕНДИЛ

Почитуван Г-дин Петар Паунов,

Чест ми е и задоволство и ми причинува посебна радост од мое лично име и од името на вработените на Локалната самоуправа на Крива Паланка, да Ви го честитам повторниот избор за кмет на градот Ќустендил.

Примете ги нашите најискрени желби за добро здравје, среќа и добра волја, имајте уште поголема сила и вдахновеност и мотив за работа, за да продолжите да ги остварувате секојдневните задачи и стремежи за доброто на луѓето од Ќустендил и успешниот развој на Општината. Нека градот Ќустендил уште повеќе засветли во својот сјај и биде уште побогато и поуспешно место за живеење.

За мене и моите сограѓани од Општината Крива Паланка, претставува исклучителна чест да бидеме пријатели на Ќустендил и нејзини достојни партнери, да работиме заедно со Вас за модерен развој на градовите и со поголеми сили да го развиеме и преобразиме нашиот регион, да го направиме да биде достоен член на големото европско семејство.

Така заедно сме посилни во предизвиците на времето и светот во кој живееме.

Срдечно Ве поздравувам.

Со почит.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Арсенчо Алексовски